**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-203
13. 04 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1809/1 од 04.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16 и 132/17) и на член 16, член 17 и член 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 2 март 2018 година на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје:

- емитуваната епизода (32) од серијалот „Пабло Ескобар, господар на злото", пред почетокот и во текот на траењето, е означена со погрешна предупредувачка сигнализација (како програма од втора категорија) и е емитувана во несоодветен термин од денонoќието (во периодот од 16:48:21 до 17:54:24 часот), што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 16 и член 17 од горе цитираниот правилник. Наведената епизода од овој серијал треба да биде класифицирана како - програма од четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години и со таквата класификација да биде емитувана само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.
- промотивните најави за играниот филм „Американецот" емитувани во периодот од 19:16:47 до 19:17:50 часот и во периодот од 23:39:05 до 23:40:08 часот, содржат сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и на член 22 став 1 од горе цитираниот правилник; и
- промотивните најави за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма") во периодите: од 07:58:55 до 07:59:29 часот; од 08:47:06 до 08:47:40; од 09:27:32 до 09:28:06; од 10:25:11 до 10:25:46; од 10:45:15 до 10:45:48; од 11:17:10 до 11:17:45; од 14:37:46 до 14:38:20; од 15:12:20 до 15:12:54; од 15:25:38 до 15:26:12; од 17:12:22 до 17:12:55; од 18:24:05 до 18:24:38; од 19:17:50 до 19:18:25; од 20:59:13 до 20:59:47; од 21:24:50 до 21:25:24; и од 22:56:47 до 22:58:04 часот не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на член 50 став 3 од горе цитираниот закон и член 22 став 2 од горе цитираниот правилник.

2. Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1809/1 од 04.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

4. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

5. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 4 април 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, на државно ниво,при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, на 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваната епизода (32) од серијалот „Пабло Ескобар, господар на злото", пред почетокот и во текот на нејзиното траење, е погрешно означена како програма од Втора категорија и е емитувана во несоодветен програмски термин, од 16:48:21 до 17:54:24 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради честите и долготрајни сцени и глетки на експлицитно прикажано вербално и психо-физичко насилство, долготрајни и експлицитни сцени со последици од насилство, сцени со елементи на садизам, и зачестена употреба на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација кои може да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката, наведената епизода од овој серијал треба да биде класифицирана како – Програма од четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години, и со таквата класификација да биде емитувана само во периодот од 22:00 до 05:00 часот, кога е зголемена веројатноста за родителски/старателски надзор, односно кога се намалува бројноста на малолетната телевизиска публика.

Исто така, со надзорот е констатирано дека на 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваните објави (промотивни најави) за играниот филм „Американецот" емитувани во

периодот од 19:16:47 до 19:17:50 часот и во периодот од 23:39:05 до 23:40:08 часот содржат сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на член 22 став 1 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Промотивните најави содржат сцена со ладнокрвно убиство (егзекуција) прикажана во крупен кадар.

Врз основа извршениот надзор констатирано е и дека на 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, објавите (промотивните најави) за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма") емитувани во периодите: од 07:58:55 до 07:59:29 часот; од 08:47:06 до 08:47:40, од 09:27:32 до 09:28:06, од 10:25:11 до 10:25:46; од 10:45:15 до 10:45:48; од 11:17:10 до 11:17:45; од 14:37:46 до 14:38:20; од 15:12:20 до 15:12:54; од 15:25:38 до 15:26:12; од 17:12:22 до 17:12:55; од 18:24:05 до 18:24:38; од 19:17:50 до 19:18:25; од 20:59:13 до 20:59:47; од 21:24:50 до 21:25:24; и од 22:56:47 до 22:58:04 часот не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на одредбите од член 50 став 3 од Законот и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр. 10-1809/1 од 04.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1809/1 од 04.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1809/1 од 04.04.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

04.04.2018

10 1809 1

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 април 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

На 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваната епизода (32) од серијалот „Пабло Ескобар, господар на злото", пред почетокот и во текот на нејзиното траење, е погрешно означена како програма од Втора категорија и е емитувана во несоодветен програмски термин, од 16:48 до 17:54 часот, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на членовите 16 и 17 од Правилникот. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради честите и долготрајни сцени и глетки на експлицитно прикажано вербално и психо-физичко насилство, долготрајни и експлицитни сцени со последици од насилство, сцени со елементи на садизам, и зачестена употреба на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација кои може да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката, наведената епизода од овој серијал треба да биде класифицирана како – *Програма од четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години*, и со таквата класификација да биде емитувана само во периодот од 22:00 до 05:00 часот, кога е зголемена веројатноста за родителски/старателски надзор, односно кога се намалува бројноста на малолетната телевизиска публика.

**2 март 2018 година**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **Пабло Ескобар, господар на злото** - 32 епизода | 16:48:21 | 17:54:24 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Епизодата од серијалот е погрешно означена како програма од Втора категорија. Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, епизодата треба да се означи како програма од Четврта категорија (16+) и да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. | | |

*Препорачливо е – саморегулациски, по внимателна уредувачка проценка на ТВ Телма што ќе се води според насоките од Правилникот, соодветно да се одреди класификациската ознака, односно – програмскиот период за емитувањето на секоја од натамошните епизоди од овој серијал.*

На 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваните објави (промотивни најави) за играниот филм „Американецот" содржат сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, што е спротивно на член 50 став 3 од Законот и на член 22 став 1 од Правилникот. Промотивните најави содржат сцена со ладнокрвно убиство (егзекуција) прикажана во крупен кадар.

**2 март 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Промотивна најава за играниот филм „Американецот" | 19:16:47 | 19:17:50 |
| Промотивна најава за играниот филм „Американецот" | 23:39:05 | 23:40:08 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Емитуваните промотивни најави за играниот филм „Американецот", содржат сцени и глетки (сцена со ладнокрвно убиство) што можат да им нанесат штета на малолетните лица. | | |

На 2 март 2018 година, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, објавите (промотивните најави) за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма"), не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, што е спротивно на одредбите од член 50 став 3 од Законот и на член 22 став 2 од Правилникот.

**2 март 2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 07:58:55 | 07:59:29 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 08:47:06 | 08:47:40 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 09:27:32 | 09:28:06 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 10:25:11 | 10:25:46 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 10:45:15 | 10:45:48 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 11:17:10 | 11:17:45 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 14:37:46 | 14:38:20 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 15:12:20 | 15:12:54 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 15:25:38 | 15:26:12 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 17:12:22 | 17:12:55 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 18:24:05 | 18:24:38 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 19:17:50 | 19:18:25 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 20:59:13 | 20:59:47 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 21:24:50 | 21:25:24 |
| Промотивна најава за боксерски меч - неозначена | 22:56:47 | 22:58:04 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Промотивните најави за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма") не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, емитуваната епизода од серијалот „Пабло Ескобар, господар на злото", пред почетокот и во текот на траењето, е означена со погрешна предупредувачка сигнализација и е емитувана во несоодветен термин од денонокието, промотивните најави за играниот филм „Американецот" содржат сцени и глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица, а промотивните најави за директниот пренос од боксерскиот меч во тешка категорија меѓу Кевин Лерена и Димитро Кучер („Бокс на Телма") не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***